# PAVE

**Спречување и справување со насилниот тероризам преку отпорност на заедницата**



# Резиме на политики и препораки за Северна Македонија





Проектот ПАВЕ е финансиран од Програмата за истражување и иновации „Хоризонт 2020" на Европската Унија, во рамките на Договорот за грант бр. 870769.

## Вовед во Проектот ПАВЕ

Истражувачкиот проект ПАВЕ (2020-2023) прибира информации и податоци базирани на докази за трендовите на радикализација и насилен екстремизам на Блискиот Исток и Северна Африка (БИСА) и Западен Балкан. Целта на проектот е да го зајакне капацитетот на креаторите на политики и на лидерите во заедницата за развивање делотворна стратегија за превенција во Европската Унија и нејзиното соседство. Покрај извештаи од истражувања и резимеа на политики и препораки, исто така се изготвуваат иновативни алатки за обуки на чинителите врз основа на наодите на проектот.

Конзорциумот ПАВЕ го сочинуваат 13 партнерски организации основани во 12 земји, со главен фокус на истражувања предводени од локални субјекти, коишто се добро запознаени со контекстот и имаат пристап до чинителите во регионите коишто се предмет на истражувањата. Конзорциумот обединува партнери коишто поседуваат уникатни и комплементарни силни страни како и заеднички области на интерес, што овозможуваат заедничко учење и развој. Беа консултирани лидерите на заедниците од сите земји, како што се претставниците на локалната самоуправа, религиозните лидери, едукатори, младински организации и организации на жените за да се добие потврда прво за плановите за истражувањата, а подоцна и за наодите од истражувањата.

Беа собрани емпириски податоци од седум земји коишто беа предмет на истражувањето преку најразлични пристапи - квалитативен, квантитативен и комбиниран метод и истите беа споредени со избраните заедници (на пр. општини) коишто не се рамномерно зафатени од насилен тероризам. На мезо-ниво, според динамиката на заедницата и чинителите, беа идентификувани фактори на ранливост и отпорност врз основа на три тематски кластери: врската меѓу религиите, политичкиот и етничкиот/секташкиот екстремизам; интеракцијата меѓу религиозните и јавните институции; и взаемното дејство на онлајн и офлајн наративите за (де)радикализација.



За време на спроведувањето на Проектот ПАВЕ, истражувачкиот тим од Програмата на Југоисточна Европа ЕЛИАМЕП, односно Јоанис Армаколас, Бледар Фета, Јоргос Кристидис, Ана Крстиновска и Џулиана Фанк, со поддршка од Институтот ЗИП, во текот на месец јули 2021 година спроведоа истражување на две локации, во општините Тетово и Куманово во Северна Македонија. Во согласност со тематските кластери идентификувани за Проектот ПАВЕ, тимот собра податоци за главните двигатели, фактори и објаснувања за кумулативниот екстремизам во двете општини. Тие се фокусираа на идентификување на наративите коишто го потпалуваат кумулативниот екстремизам, условите во коишто една форма на екстремизам зајакнува друга форма на екстремизам, влијанието на екстремизмот инспириран од религијата и етно-политичкиот екстремизам во двете заедници, како и влијанието на наследството што го остави војната врз екстремизмот. Тимот исто така собра емпириски податоци за двигателите на радикализацијата, онлајн и офлајн, во двете општини и тоа преку идентификување на наративите коишто ги поттикнуваат формите на радикализација и коишто циркулираат и се пропагираат онлајн преку социјалните медиуми, како и офлајн преку социјализација на истомисленици и социјални мрежи.

Во текот на работата на терен, која се одвиваше 25 дена во Тетово и Куманово, тимот организираше дискусии во четири фокус групи, спроведе 29 интервјуа со клучни информатори, односно со активисти/членови на граѓански организации, политичари, лидери на религиозни заедници, работени во јавниот сектор - полиција, безбедност, образование и социјални услуги, новинари и други професионалци во полето на медиумите, академици и други експерти.

За анализата, истражувачкиот тим усвои компаративен истражувачки метод кој се базира на вкрстување на општинските трендови. Тој се темели на истражување документација и на анализа на податоците од теренското истражување преку примена на пристапот на толкување. Овој пристап беше избран со цел да се идентификуваат, анализираат и објаснат сличностите и разликите во двата локални контекста. Паралелно со анализата на податоците од терен, истражувачкиот тим спроведе и анализа на говорот што се користи во содржини што се објавуваат на интернет. Тимот анализираше вкупно 61 Facebook страници, групи и канали на YouTube, од кои 29 на македонски јазик и 32 на албански јазик. Содржината на интернет што поддржува насилен екстремизам беше предмет на структурна анализа на содржината. Посебно внимание беше посветено на интеракцијата на содржината, со цел да се измери колку им е привлечна на корисниците на платформи за социјални мрежи на интернет.

Резултатите од истражувањето открија дека радикализацијата и насилниот екстремизам, во нивните бројни форми, и понатаму се предизвик за Северна Македонија. Државата успеа да спречи некои поакутни закани, како што е заканата за внатрешни напади од странски борци и радикални лица ослободени од затвор. Сепак, овие и други појави, како што е растечкиот тренд на насилен десно-ориентиран екстремизам, етно-национализам и спортско хулиганство и понатаму остануваат предизвици и на макро (општествено) и на микро (индивидуално) ниво низ целата земја и во одредени општини, меѓу кои Тетово и Куманово. Сите форми на екстремизам постојат и во двете главни заедници во Северна Македонија, но се манифестираат со различен интензитет. Религиозната радикализација е позабележлива во Куманово, додека пак радикализацијата во Тетово има форми на етнички албански и етнички македонски национализам. Етно-национализмот и десно-ориентираниот популизам се преклопуваат со политичкиот екстремизам според етничката припадност, што доведува до повремени тензии, а

многу ретко до насилни инциденти. Во однос на отпорноста кон радикализацијата, Тетово се смета дека е поотпорен од Куманово поради повеќе причини, коишто се анализирани во аутпутите на проектот.

Работата на терен откри важни двигатели на радикализацијата и во Тетово и во Куманово. Радикализацијата се покажа дека претставува комбинација на различни фактори на одбивање и привлекување - ситуациони, индивидуални, културни, политички и социоекономски - коишто ги прават одредени делови на заедниците поранливи на екстремистичките наративи, овозможувајќи им на различните екстремистички групи да регрутираат симпатизери и следбеници. Превенцијата на радикализацијата во затворите е голем предизвик за Северна Македонија. Онлајн просторот на екстремистите е уште еден важен двигател на радикализацијата во Северна Македонија. За џихадистичките групи, но исто така и за етно-националистите и десничарските екстремисти, Интернетот стана најважна алатка за комуникација, мобилизација и пропаганда. Екстремистите ја зајакнаа својата предност во дигиталниот простор со помош на различни наративи за да ги убедат својата целна публика и заедниците. Социјалните медиуми и мрежи играат важна улога во поттикнување спротивни наративи, но нивниот потенцијал изгледа дека е недоволно искористен од сите релевантни страни, коишто не се добро подготвени да дејствуваат како креатори на спротивен наратив. Корупцијата исто така во голема мерка ја поттикнува радикализацијата и потенцијално насилниот екстремизам. Емпириското истражување откри контрадикторни ставови и гледишта за улогата на дијаспората како фактор на ранливост или отпорност. Тоа не значи дека едниот фактор го исклучува другиот фактор; по сè изгледа дека и двата аргумента имаат своја тежина.

Кога станува збор за отпорноста, најзначаен исход од работата на терен е тоа што градењето отпорност на заедницата претставува сложен напор, кој налага вклучување на различни засегнати страни, како што се државните институции и службеници, претставници од религиозните заедници, странски мисии во земјата и претставници на меѓународната заедница, како и членови на граѓански организации и тинк-тенкови коишто се активно ангажирани во П/БНЕ на координиран начин. Во врска со факторите на отпорност, економскиот развој е фактор којшто придонесува за градење на отпорноста во заедницата. Образованието и писменоста за интернет медиуми исто така во голема мерка придонесуваат кон градење на отпорноста, на индивидуално и на групно ниво.  Во врска со чинителите во заедницата, локалните институции и организациите на граѓанското општество придонесуваат кон градење на отпорноста преку програми за БНЕ и ПНЕ. Чинителите на локално ниво имаат важна улога во навременото предупредување за појавата на радикални наративи во нивната заедница. Локалните заедници демонстрираат отпорност и често пати успеваат доста рано да ја идентификуваат појавата на екстремизам; меѓутоа, државните органи од централната власт многу често не успеваат да го препознаат проблемот што е идентификуван на локално ниво и да реагираат соодветно. Придонесот на чинителите од граѓанските организации во градењето отпорност кај младата популација е исто така значаен. Младинските центри во заедниците основани од локални НВО се покажаа како важни места за градење отпорност, со тоа што го покриваат јазот што постои поради сегрегираното образование. Официјалните религиозни заедници играат важна улога, особено муслиманските заедници, бидејќи тие претставуваат авторитетна алтернатива во однос на радикалите и радикалните наративи; спротивно на тоа, кога овие официјални религиозни заедници не се доволно проактивни, се отвора простор за радикалните актери.

Сè на сè, насилниот екстремизам и радикализацијата се сложени и деликатни предизвици. Затоа, нивната превенција бара активирање механизми од повеќе институции и агенции, како и добро координиран одговор од страна на сите засегнати страни инволвирани во процесот. Токму заради тоа тврдиме дека превенцијата на радикализмот на ниво на заедница бара вклучување

на голем број засегнати страни преку механизам кој вклучува повеќе институции и агенции. Координацијата и соработката на сите засегнати страни вклучени во механизмот за П/БНЕ има клучна улога во креирањето национален план во Северна Македонија за превенција на насилниот екстремизам, кој ќе обезбеди посоодветен одговор во однос на потребите на општеството.

## 1. Препораки за владата

- Владата треба **да работи на решавање на проблемот со сегрегација којшто постои де факто меѓу етничките Македонци и етничките Албанци** во основното и средното образование; тековната ситуација ги поткопува меѓуетничките односи и напорите за градење доверба меѓу националните заедници и национална кохезија. Локалните самоуправи треба да изнајдат начини како да ги зближат луѓето од двете национални групи преку заеднички активности во заедницата, како единствен начин преку кој може да се изборат против погрешните претстави и стереотипите од минатото.
- За **борба против екстремизмот во затворите**, владата треба да ја **преформулира нејзината стратегија за рехабилитација** и да ја унапреди соработката со засегнатите страни, како што се лицата коишто се активни религиозни верници. Развивањето програми за ресоцијализација и обучувањето персонал за спроведување на програмите за ресоцијализација и реинтеграција се од суштинско значење. Посебно внимание треба да се посвети на поглавјето по отслужувањето затворска казна во стратегијата за рехабилитација, со цел да се избегне „инфицирање“ на заедниците преку насилни лица и поранешни странски борци кои се отпуштени од затвор.
- Владата треба **да ги гради капацитети на луѓето што се во првите редови, како што се наставници, социјални работници, психолози и религиозни лидери,** со цел да ги разберат и идентификуваат различните типови насилен екстремизам во двете заедници. Таа треба да ги обучи како да ги мапираат овие случаи на насилни екстремисти преку примена на **иновативни технологии**.
- Владата треба да ја разгледа можноста од воведување Интернет писменост и граѓанско образование во наставните програми. **Програмите за медиумска писменост** можат да го унапредат критичкото размислување и свесноста за тактиките на идеолошката пропаганда на интернет и регрутирањето.
- Владата треба **да развие делотворна стратегија на контра-пораки**, обука на нејзините чинители на локално и централно ниво за создавање убедливи контра-наративи. **Мултидисциплинарен субјект** чија задача би била координирање на сите актери ангажирани во стратегијата на контра-наратив, би можел да ја зајакне делотворноста на стратешките комуникации на владата во борбата против дискурсот на насилниот екстремизам.
- Владата треба да ги спонзорира **контра-наративите што доаѓаат од заедницата** преку градење на капацитетите на локалните невладини организации. Заедниците и чинителите од граѓанското општество поседуваат потенцијал да играат значајна и корисна улога во развивањето алтернативни наративи во однос на оние што ги дисеминираат насилните екстремисти, бидејќи мала е веројатноста овие популации да им веруваат на пораките што доаѓаат директно од владата. Во овој контекст, државните

органи треба да прекинат да го третираат екстремизмот како висок безбедносен проблем и треба да им дозволат на чинителите од граѓанското општество да функционираат како мост меѓу нив и заедниците, особено во врска со спроведувањето на програмите за рехабилитација и реинтеграција (РиР) за поранешни странски борци.

- Општинските власти треба **да ги вклучат соседните локални административни единици во напорите за П/БНЕ**; нивното добро познавање на реалноста на терен е корисна и треба да се искористи во напорите за П/БНЕ. Општинските власти треба да посветат поголемо внимание на соседството и локациите коишто се погодени од сиромаштија и социјална маргинализација, бидејќи тие се факторите што ги прават ранливи на ширењето на радикализмот и насилниот екстремизам.
- Владата треба да ги поврзе активностите за П/БНЕ со активностите за градење на заедниците и односите. **Програмите за градење на заедниците** може да ги зајакнат отпорноста, капацитетот и лидерството на заедниците. Развивањето програми за препораки, заедно со обучувањето на давателите на социјални услуги, училишни советници, наставници и психолози, даватели на услуги за спроведување на законот и лидери на религиозните заедници за идентификување лица кои се подложни на насилен екстремизам, може да придонесе кон поголема делотворност на овие програми.
- Владата треба да развие **алатки за следење и рамки за евалуација на локално ниво** базирани на специфични индикатори коишто би им овозможиле на релевантните локални власти да го следат влијанието на проектите за П/БНЕ и да проценат дали насилниот екстремизам опаѓа или се зголемува.
- Владата треба да дизајнира активности за подобра операционализација на локалните структури за П/БНЕ преку инвестирање во учеството на сите локални чинители, обезбедувајќи на тој начин инклузивност. Неопходна е подобра **координација меѓу административните единици на локалната самоуправа, полициските службеници, локалните религиозни заедници, училишните органи и локалните невладини организации**.
- Владата треба да ги зголеми капацитетите на локалните власти за справување со **реинтеграцијата на поранешните странски борци**. Треба да се дизајнираат проекти за вработување, домување и финансирање од страна на властите, при што треба да се земе предвид и вклучувањето на приватниот сектор.
- Владата треба да развие посебни програми за **субвенционирање на бизнисите за регрутирање** поранешни странски борци, по нивното отпуштање од затвор. Исто така, тие треба да развијат програми за субвенционирање  на самовработувањето на овие (поранешни) радикали. Покрај тоа, дизајнирањето посебни програми со коишто ќе се субвенционираат и ќе се поддржуваат напорите на религиозните заедници во процесите за реинтеграција на оваа категорија лица се неопходни повеќе од кога било претходно.
- Владата треба да ги **унапреди капацитетите на полицијата во заедниците** преку организирање **обуки на мешовити групи** (етнички Албанци и етнички Македонци), особено во полето на превенција преку интернет. На полициските службеници од заедницата им се потребни повеќе капацитети за справување со онлајн просторот, особено во врска со простори за разговор, платформи за играње и други отворени и темни онлајн простори, коишто им овозможуваат на екстремистичките групи да радикализираат лица.
- **Локалните власти треба да ја унапредат нивната соработка** со полицијата, другите органи за П/БНЕ и граѓанското општество во напорите за надминување на сите бариери во комуникацијата меѓу институциите и координацијата во врска со насилниот екстремизам.

- Локалните власти треба да сторат повеќе за спречување на радикализацијата во училиштата во Северна Македонија преку заземање **родово-сензитивен пристап во однос на П/БНЕ** со младите луѓе. Потребно е да се изготви прирачник за родова сензитивност во врска со П/БНЕ за едукација на професионалци. Истражувањето на терен ги истакна потребите на училишните наставници и психолози за заедничко разбирање на родот, според кое ќе се развиваат нивната понатамошна свест, вештини и капацитети.

## 2. Препораки за меѓународната заедница

- ЕУ мора да стави крај на амбивалентноста околу очекувањата на регионот за членството во ЕУ, затворање на „вакуумот“ создаден од стагнацијата на **процесот за пристапување во ЕУ**. Истражувањето покажа дека политичкиот заборав и несигурноста за иднината обезбедуваат плодна почва за радикални и екстремистички групи кои сакаат да стекнат влијание во Северна Македонија. Стагнацијата на процесот за пристапување во ЕУ мобилизира радикални сили од сите страни.
- Исламистичкиот екстремизам не е единствениот тип на екстремизам во Северна Македонија на којшто меѓународната заедница треба да му посвети внимание. **Потребата од справување со насилниот десно-ориентиран екстремизам, етничкиот национализам па дури и политичкото и спортското насилство** исто така треба да се земе предвид во идните активности и интервенции што ги спроведуваат меѓународните чинители.
- Агендата на меѓународната заедница (меѓународни организации, странски амбасади, Делегацијата на ЕУ, меѓународни донатори и НВО) треба да ја одразува вистинската природа на проблемот со екстремизмот, како што го сфаќаат локалните чинители и како што се манифестира на локално ниво. Соодветно на тоа, **меѓународните решенија во однос на екстремизмот треба да се дизајнираат примарно за локалните потреби.**
- Меѓународната заедница треба да обезбеди финансиски средства за чинителите од невладиниот сектор во заедниците со цел **креирање целосно нови програми на подобро структуриран** начин и со подолгорочни финансиски циклуси за цел да се обезбеди делотворност и континуитет. Локалните организации од граѓанскиот сектор се најсоодветните субјекти за испраќање пораки против насилниот екстремизам и други активности.
- Тековните капацитети на организациите од граѓанскиот сектор, локалните и централните институции се недоволни за да се справат со конкретни прашања, вклучително и со спроведување на програмите РиР. Меѓународната заедница може да ги задоволи потребите на работниците во првите редови, како што се психолози, социолози, социјални работници, наставници, вработени во затвори и оние што следат отслужување условни казни, како и владини службени лица одговорни за обезбедување обука во конкретни области, како што се дерадикализација на затвореници, спроведување програми за рехабилитација и реинтеграција и психосоцијална поддршка на повратници деца и жени. **Професионализацијата на работниците во првите редови** во одредени области ќе овозможи градење долгорочни капацитети меѓу вработените, соработниците и мрежите, што ќе доведе до подобро дизајнирање на интервенциите за П/ЦБНЕ врз основа на докази.
- Недостатокот на координација меѓу сите чинители вклучени во П/БНЕ е евидентна и не постои национален консензус во однос на приоритетите за П/БНЕ во Северна

Македонија. За да се обезбеди координиран и поделотворен одговор на насилниот екстремизам, меѓународната заедница мора да ја охрабри и **потпомогне ангажираноста на сите чинители во една сеопфатна јавна дискусија**. Тоа ќе овозможи заедничко разбирање на проблемот, развивање на акциски планови и поделба на работата со цел координираниот напор да може да даде најдобри резултати за нацијата како една целина.

- Меѓународната заедница треба да работи на обука на членовите на граѓанското општество како и клучните чинители **за да го подобри следењето и евалуацијата на иницијативите за П/БНЕ**, со цел да се избегне дуплирање на напорите.
- Меѓународната заедница треба **да помогне во премостување на јазовите во однос на капацитетите на чинителите вклучени во работата за рехабилитација и реинтеграција на поранешни странски борци и членовите на нивните семејства.** Истовремено, таа треба да го потпомогне формулирањето на поадекватна стратегија на владата за превенција на насилниот екстремизам во затворите. Затворите моментално функционираат како почва за раѓање и ширење радикални идеи. Меѓународната заедница, особено Советот на Европа, којшто е активно ангажиран во ова поле, треба да ја охрабри владата да усвои мерки за решавање на оваа ситуација.
- Меѓународната заедница треба да продолжи **да ги поддржува проектите коишто промовираат инклузија и отпорност на заедницата**, особено проекти коишто вклучуваат меѓуетничко разбирање и свесност за културата, насочени кон младата популација. Дизајнот на овие проекти треба да вклучат поголем локален инпут, да бидат со подолгорочни циклуси на финансирање со цел да се подобри нивната одржливост.
- Меѓународната заедница треба **да ја охрабри владата повторно да размисли за присутната етничка сегрегација во школското образование** во Северна Македонија.
- Меѓународната заедница треба да биде поодлучна во **борбата против корупцијата**, којашто е главен двигател на радикализацијата и потенцијално насилниот екстремизам. Особено, чинителите од ЕУ треба да избегнуваат секакви активности коишто јавноста во Северна Македонија ги гледа како „награда“ за корумпираните политичари и со коишто се уништува нивниот кредибилитет.

## 3. Препораки за граѓанското општество

- Во врска со вклученоста на организациите од граѓанското општество во П/БНЕ, тие треба да работат на **зајакнување на формите на соработка со државните и јавните институции**, со цел зголемување на квантитетот и квалитетот. Проширувањето на доменот на соработка и координација би требало да создаде критична маса неопходна за воспоставување мрежно управување со активностите за борба против екстремизмот.
- **Насилниот десно-ориентиран екстремизам, етничкиот национализам и спортското насилство** се некои од најмалку препознаените предизвици во Северна Македонија. Организациите од граѓанското општество треба да работат на подигање на свеста за овие прашања.
- Организациите од граѓанското општество треба **да спроведуваат проекти насочени кон дијаспората** со цел да ги зголемат мрежите на дијаспората преку дијалог со заедницата и активности за градење на довербата во општествата домаќини. Овој вид интеракција е

важен за справување со маргинализацијата, којашто се смета за еден од главните двигатели на радикализацијата меѓу албанската дијаспора.

- **Локалните организации од граѓанското општество треба да ја преземат сопственоста над проектите за П/БНЕ** и да ги развиваат капацитетите за постигнување на оваа цел. Откако локалните организации од граѓанското општество ќе ја зголемат сопственоста над нивните проекти и иницијативи, ќе можат да влијаат врз донаторите за усогласување на нивните програми и критериумите за финансирање според реалните потреби на заедниците, во насока на постигнување подобра и подолгорочна одржливост и изводливост.
- Повеќето проекти за П/БНЕ што ги спроведуваат локалните организации од граѓанското општество се фокусирани на младината. И покрај тоа што ова е главниот домен на нивната работа, не треба да се занемарат и други важни области и чинители, како што постарите, родителите и религиозните лица. Локалните невладини организации треба **да се фокусираат на триаголникот родител-ученик-наставник** при спроведувањето на нивните проекти за П/БНЕ.
- Воспоставувањето **дијалог за доверба меѓу религиозните групи, секуларните организации од граѓанското општество и државните органи** е неопходно за усогласување на стратегиите, активностите и пристапите во П/БНЕ. Организациите од граѓанското општество можат да ги седнат заедно религиозните лица, коишто можат да го решаваат прашањето на меѓурелигиозен и меѓуверски дијалог, на локално и национално ниво, со цел подобрување на постојните П/БНЕ.
- **Религиозните заедници треба да имаат поактивна улога во активностите за П/БНЕ**, како и поголемо присуство на **онлајн платформи** каде што религиозните лица можат да ги пренесат пораките за меѓуетничко единство. Ангажирањето религиозни лица во подигањето на свеста и рушењето на митовите и погрешните сфаќања за етно-националната и религиозната радикализација преку примена на технологија и онлајн простор е потребно повеќе од кога било претходно.
- **Исламската религиозна заедница на Северна Македонија** треба да ја унапреди својата соработка со државните институции и НВО за да ја спречи експанзијата на екстремистичките идеи преку погрешното толкување на исламот. Исто така треба да се работи на воспоставување унифициран пристап меѓу нејзините верници во врска со прашања поврзани со радикализмот и екстремизмот. Во соработка со конкретни државни органи, таа треба да го спречи создавањето паралелни структури, како што се мадраси, училишта или градинки од страна на радикални групи. Православната црква исто така треба поактивно да се вклучи во ова поле.
- Организациите од граѓанското општество треба да посветат поголемо внимание на две важни прашања. Од една страна, **треба да се спроведат повеќе истражувања за ширењето на етно-политичкиот екстремизам**, особено од десно ориентирани групи. Иако десно-ориентираните групи моментално не претставуваат сериозен политички предизвик во Северна Македонија, нема сомнеж дека нивните идеи и леснотијата со којашто можат да ги рашират преку интернет и социјалните медиуми се прашања коишто може да станат навистина сериозни во иднина. Од друга страна пак, постои евидентна потреба од повеќе истражувања за глобалната **улога на жените во напорите за БНЕ и градењето отпорност во заедниците.**

# Референци


- Бледар Фета, Ана Крстиновска, Јоргос Христидис и Јоанис Армаколас (2022). Кумулативен екстремизам и оналјн и офлајн де(радикализација) во Северна Македонија. Необјавен ПАВЕ извештај за земја, Хеленска фондација за европска и надворешна политика (ЕЛИАМЕП).
- Влада на Република Македонија. (2018). Национална стратегија на Република Македонија за борба против насилниот екстремизам (2018-2022). Скопје: Влада на Република Македонија. https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/ct_national_strategy_eng_translation_sbu.pdf
- Илијевски, И., и Савовска, К. К. (2021). Тековната состојба на странските терористички борци во Република Северна Македонија. *Журнал за слобода и меѓународни работи*, 27-38. https://www.ssoar.info/ssoar/bitstream/handle/document/72180/ssoar-jlibertyintaff-2021-1-ilijevski_et_al-The_current_position_of_the.pdf?sequence=1
- Камбовски, В., Георгиева, Л. и Трајановски, Н. (2020). Северна Македонија. Во Ц. Торекенс, и Д. де ле Вињ (изд), Извештаи за земји за националните пристапи во однос на екстремизмот: Рамка за националниот екстремизам во регионот на Блискиот исток и Северна Африка и на Балканот. Барселона, Шпанија: Европски институт на Медитеранот (ЕИМед), 142-165. https://h2020connekt.eu/wp-content/uploads/2021/01/Country-Reports_CONNEKT_Approaches_to_extremism_D3.2.pdf
- Лореин, Д., Френет, Р., Вихман, Ф., Ланг, Ј., Пунак, М., Гудвин, С. и Ризман, А. (2021). Употреба на интернетот од терористи и предизвиците што произлегуваат од пандемијата на Ковид. Брисел, Белгија: РАН Свртување на вниманието кон дигитализацијата.
- Мојанчевска, К., Јованчиќ, Е., и Муслиу, А. (2020, септември). Етнички и политички екстремизам во Северна Македонија: Мапирање на главните рамки на дејствување на екстремистичките сцени. https://nexus.org.mk/ethnic-political-extremism-north-macedonia-mapping-main-action-frameworks-extremist-scenes/
- Рамадан Илази, Ардит Орана, Теута Авдиметај, Бледар Фета, Ана Крстиновска, Јоргос Христидис и Јоанис Армаколас (2022). Оналјн и офлајн (де)радикализација на Балканот. Работен документ 5. Публикации на проектот ПАВЕ. www.pave-project.eu/publications/PAVE%20D5.1%20Online%20and%20Offline%20(De)radicalisation%20in%20the%20Balkans.pdf
- Сеад Турчало, Јелена Бркиќ-Шмигоц, Мирза Смајиќ, Велдин Кадиќ, Муамер Хиркиќ, Маја Халиловиќ Пастуовиќ, Горан Тепшиќ, Немања Џуверовиќ и Џилијан Вајли (2022). Кумулативни екстремизми на Балканот. Работен документ 1. Публикации на проектот ПАВЕ. www.pave-project.eu/publications/D3.1_publication%20layout.pdf
- Стефановски, И., Петковски, Л., Николовски, П., Лембовска, М. и Мехмети, А. (2021). Sell Out, Tune Out, Get Out, or Freak Out? - Разбирање на корупцијата, заробена држава, радикализација, пацификација, отпорност и емиграција во Босна и Херцеговина и Северна Македонија. Скопје, Северна Македонија: ЕУРОТИНК - Центар за европски стратегии. http://www.democratizationpolicy.org/wp-content/uploads/2021/04/Eurothink-DPC-Final-Report-to-Publish-March-2021.pdf